Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) 19-а од од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11 и 13/14), градоначалникот на Општина Штип донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ И ПАТИШТА И ДРУГИ КОМУНАЛНО УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ „СТИПИОН 2011"- ШТИП

1. За директор на Јавното претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално услужни дејности„Стипион 2011" Штип **се именува Сашко Протогеров од Штип,** сметано од **01 јуни 2018 година**.

2. Директорот Сашко Протогеров се избира со мандат од 4 години.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

## О б р а з л о ж е н и е

Со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) е утврдено дека градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен оглас.

Согласно член 19-а и член 23 од од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) градоначалникот на Општина Штип распиша јавен конкурс за именување на директор на Јавното претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално услужни дејности„Стипион 2011" Штип број 09-3036/2 од 18.05.2018 година. Конкурсот беше објавен во дневните пачати: „Вечер", „ Нова Македонија " и „Lajm" на 22.05.2018 година.

Во утврдениот рок на распишаниот оглас се пријави еден кандидат. По разгледување на пристигнатата документација, Комисијата избрана за прегледување на пристигнатите документи по јавниот оглас, изврши прегледување на пристигнатата документација и до градоначалникот на Општина Штип достави записник од спроведената постапка број 09-3036/5 од 29.05.2018 година.

Согласно записникот на комисијата на огласот се пријавил само кандидатот Сашко Протогеров од Штип кој ги има приложено сите документи согласно огласот и ги исполнува условите предвидени во Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) за именување на директор.

Согласно член 23 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.

Согласно член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ број 64/18) директорот е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од 1 година од денот на неговото именување, во спротивно му престанува мандатот.

Имајки го предвид напред наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поведе спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на приемот.

Број 09 - 3036/6
30.05.2018 година

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски